Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

# ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОДРАЧЈЕ НА РЕЧЕН СЛИВ НА РЕКАТА ВАРДАР-

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА (2025-2027) ЗА ПОДГОТОВКА НА ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОДРАЧЈЕ НА РЕЧЕН СЛИВ НА РЕКАТА ВАРДАР ЗА ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2028–2033 ГОДИНА

**Ноември 2024**

**Министерство за животна средина и просторно планирање,**
**Управа за животна средина- Сектор за води,**
**плоштад Пресвета Богородица,**
**бр.3, 1000 Скопје**

СОДРЖИНА

**Резиме .....3**

**Релевантно европско законодавство .....4**

**Содржина на Планот за управување со подрачјето на речен слив на реката Вардар за плански период 2028–2033 година за плански период 2028–2033 година .....4**

**Временска рамка и Програма за работа (2025-2027) за изработка на План за управување со речен слив (ПУРС) на реката Вардар за планскиот период 2028-2033 .....6**

**Можности за пристап до информации, консултации и активно учество .....10**

Можности за пристап до информации ..... 10

Можности за консултации ..... 10

Можности за активно учество ..... 11

Активно учество на заинтересираните страни ..... 11

Активно учество на пошироката јавност ..... 12

**Контакт и постапка за добивање на потребната документација и информации .....12**

**Резиме на индикативен Временски распоред и програма за работа за изработка на Планот .....15**

**ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОДРАЧЈЕ НА РЕЧЕН СЛИВ НА РЕКАТА ВАРДАР- ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА ПОДГОТОВКА НА ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОДРАЧЈЕ НА РЕЧЕН СЛИВ**

## Резиме

Заштитата на квалитетот на водата е од суштинско значење за да се осигура дека ќе одржиме доволна количина и прифатливи стандарди на квалитет. Законот за води (заснован на принципите на Рамковната директивата за води, клучиотн инструмент за политика за управување со водите на ЕУ), обезбедува систематски пристап за постигнување на овие цели – спроведен преку процесот на планирање на управувањето со подрачјата на речни сливови , каде што плановите за управување со сливовите на реките (ПУСР) се развиваат, ревидираат и ажурираат),на секои шест години. Дополнително, националните плански циклуси треба да бидат синхронизирани да започнуваат во истата година во сите земји на ЕУ, обезбедувајќи координиран пристап за управување со водите низ цела Европа[1].

Целта на овој документ е да се дефинираат главните чекори и пресвртници за подготовка на Планот за управување со сливот на реката Вардар за планскиот период 2028-2033 година. Планирано е ПУРС на Вардар да се донесе до декември 2027 година во постапка која на сите заинтересирани страни ќе им овозможи пристап до информации, консултации и активно учество во подготовката на планот.
Министерството за животна средина и просторно планирање го поддржува активното вклучување на засегнатите страни и граѓанското општество во изработката на плановите за управување со речен слив, развиени со низа мерки за консултации со јавноста.
Врз основа на одредбите од член 67. став 1 точка 1 од Законот за води и член Член 15 од Правилникот за содржината и начинот на подготвување на Плановите за речни сливови (Службен Весник на Република Македонија бр.148/09) најмалку три години пред отпочнувањето на шестгодишен плански период, се изготвува и објавува **распоред и работна програма за подготвување на Планот, како и временскиот период за нивна реализација**. Објавата содржи резимирани податоци за:

1. распоредот и клучните фази на работната програма за изготвување на планот;
2. начинот на кој ќе се спроведе консултација со јавноста за нацрт-Планот;
3. главните јавни и приватни правни лица чии активности и интереси може да бидат засегнати со Планот, и начинот на кој истите ќе учествуваат во постапката за изработката на Планот; и
4. поврзаноста на процесот на подготвување на Планот со подготвувањето, измената или дополнувањето на другите плански и развојни документи за подрачјето на конкретното подрачје на речен слив.

Согласно Правилникот за содржината и начинот на подготвување на Плановите за речни сливови, **при објавата на распоредот и работна програма за подготвување на Планот, како и временскиот период за нивна реализација** се земаат во предвид одредбите за консултирање на јавностасогласно член 223 од Законот за водите согласно кој се основа Совет за управување со подрачјето на речен слив на Реката Вардар и Одлуката за формирање на Совет за управување со речен слив на реката Вардар бр. 40-6600/2 од27 Јули 2021 (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 176/2021).

Во согласност со националното законодавство, Планот за Управување со речен слив за плански период од 6 години се развива со силно вклучување на граѓанското општество и засегнатите страни од самиот почеток.
За тековниот циклус на планирање, се планираат да се спроведат активности кои обезбедуваат високо ниво на консултации со јавноста во развојот на планот елаборирани во овој документ.

[1] Тековниот циклус на планирање согласно Рамковната директива за води (РДД) е четвртиот циклус, кој трае од 2022 до 2027 година. Овој циклус бара од земјите-членки на ЕУ да ги ревидираат и ажурираат своите планови за управување со речен слив за да го постигнат усогласувањето со целите на РДВ и да обезбедат координирана уравување со водите низ Европа. Секој шестгодишен циклус вклучува преглед на претходниот напредок, прилагодувања за да се задоволат потребите што се појавуваат и ажурирање на мерките за управување за да се продолжи со подобрување на квалитетот и одржливоста на водата.

**Релевантно европско законодавство**

- Директива 2000/60/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 23 октомври 2000 година за воспоставување рамка за акција на Заедницата на полето на политиката за води (Рамковна директива за води) (OJ L 327, 22.12.2000) како што е последно изменета Комисиа Директива 2014/101/ЕУ од 30 октомври 2014 година за изменување и дополнување на Директивата 2000/60/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за воспоставување рамка за акција на Заедницата во областа на политиката за водите (Текст со релевантност за ЕЕА) (OJ L 311 , 31.10 2014 година)[2]
- Директива 2007/60/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот од 23 октомври 2007 година за оценување и управување со ризик од поплави (OJ L 288, 6 ноември 2007 година)
- Директива 2001/42/ЕЗ на Европскиот парламент и Советот од 27 уни 2001 година за проценка на влијанието на поединечни планови и програми за животна средина (OJ L 197, 21.7. 2001).

**Содржина на Планот за управување со подрачјето на речен слив на реката Вардар за плански период 2028–2033 година за плански период 2028–2033 година**

Планот за управување со подрачјето на речен слив за планскиот период 2028 – 2033 година ќе биде изготвен врз основа на одредбите од членовите 61, 66, 67, 68 и 223 од Законот за води, Правилникот за содржината и начнот на подготвување на Плановите за управување со речните сливови (Службен Весник на Република Македонија бр. 148/09), Правилник за методологијата за проценката на речните сливови (Службен весник на Република Македонија бр. 148/09), Правилник за содржината и начинот на подготвување на програмата на мерки (Службен Весник на Република Македонија бр. 148/09) и Правилникот за содржината и начинот на подготвување на информациите на картографските прикази за активностите за мониторинг на водите (Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/09).
Планот за управување со подрачјето на речен слив на реката Вардар во согласност со член 66 од Законот треба да содржи :

- Опис на **природните карактеристики и статусот на водата,** а особено: за површинските води, вклучувајќи ги крајбрежните води: преглед на положбата и границите на водни тела, опис на видовите на водни тела и опис на нивните карактеристики и проценка на статусот на водата, за подземни води: опис на положбата и границите на водните тела и опис на нивните карактеристики, проценка на загадувањето од расфрлани извори, вклучувајќи преглед на значајни влијанија врз водната средина,
- приказ на **значителните притисоци и влијанија** врз состојбата на површинските и подземните води предизвикани од човековите активности-резиме на значителни оптоварувања и влијанија на човековата активност врз состојбата на површинската вода, вклучувајќи ги и крајбрежните води и подземните води, а особено оценката на загадувањето од точените извори, проценката на загадувањето од дисперзирани извори, вклучувајќи и преглед на значајни влијанија врз водната животна средина, проценка на квантитативниот статус на користење на водата и анализа на други влијанија на

[2] Други директиви на ЕУ наведени во Рамковната директива за води (WFD кои исто така имаат индиректно влијание или ги поддржуваат пошироките цели на WFD вклучуваат: Директива за подземните води (2006/118/ЕС), Директива за вода за пиење (98/83/ЕС, ажурирана до 2020 г. /2184), Директива за третман на урбани отпадни води (91/271/EEC), Директива за води за капење (2006/7/ЕС), Директива за нитрати (91/676/EEC), Директива за поплави (2007/60/ЕС), Рамковна директива за морска стратегија (2008/56/ЕС), Директива за живеалишта (92/43/EEC), Директива за птици (2009/147/ЕС), Директива за оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС) (2011/92/EU, изменета со 2014/52/EU), Директива за индустриски емисии (2010/75/EU) , Директива за отпадна тиња, (86/278/EEC), Директива за производи за заштита на растенијата (2009/128/ЕС) , Директива за географски информациски системи (ГИС) (INSPIRE Директива). 2007/2/ЕЗ) и други релевантни

човековата активност врз состојбата на водата,**;**

- список и картографска застапеност на **заштитените подрачја**, вклучувајќи ги условите и мерките за заштита,
- карта на **мониторинг мрежата** и преглед на резултатите од мониторингот на површинските води, подземните води и заштитените подрачја во врска со статусот на овие води,
- **економска анализа на користењето на водата**,
- Листа на **целите за квалитет на површинските води и подземните води,** вклучувајќи ги и заштитените подрачја и роковите за постигнување на овие цели,
- Резиме на **програмата на мерките донесени за постигнување на целите на квалитетот на водата,** вклучувајќи и начини за постигнување на целите на овие мерки, вклучувајќи ги и основните мерки и дополнителните мерки;
- Утврдување на **средства потребни за спроведување на програмата на мерки од овој план,**
- **Правила за примена на одредени компоненти на планот.**

Освен тоа, Планот за управување со водата, исто така, вклучува:

- **Листата на подетални планови и програми кои се однесуваат на одредени подрачја**, сектори, посебни прашања или видови на вода во водното подрачје на кои планот се однесува со резиме на нивната содржина, како и регистар на повеќегодишни програми за изградба на комунални водостопански објекти, регулациони и заштитни водостопански објекти и мелиоративни објекти со концизна претстава за нивната содржина.
- **Програма за заштита од штетно дејство на води**
- Извештај кој содржи опис на активностите и резултатите од **учеството на јавноста во подготовката на План**от,
- **Листа на надлежни институции** за подготовка и спроведување на планот за подрачјето не речен слив за реката Вардар,
- **начин на кој информациите и документите во врска со изработката и имплементацијата на планот се достапни за јавноста** со ознаката за контакт и постапка за пристап до податоци и информации и каде што е можно да се добие увид или да се добие придружна документација и информации поврзани со изготвување, преглед, измена и дополнување на Планот за управување со водите, детали за контролните мерки предвидени за точни извори на контаминација и за сите други идентификувани негативни влијанија врз состојбата водни тела во водното подрачје и тековни резултати од мониторингот.
- остварување на **обврските преземени со меѓународни договори** кои се однесуваат на управувањето со водите ратификувани од Република Северна Македонија и
- **други работи** определени од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

**Временска рамка и Програма за работа (2025-2027) за изработка на План за управување со речен слив (ПУРС) на реката Вардар за планскиот период 2028-2033**

Целта на оваа работна програма е да обезбеди интегриран пристап за управување со површинските и подземните водни ресурси во сливот на реката Вардар, вклучувајќи хидроморфолошки, климатски, еколошки, социјални и економски аспекти, согласно одредбите на Правилникот и Законот за води и да обезбеди пристап до податоците, активно и навремено учество на јавноста и консултирање во процесот на подготовка на планот.

Согласно законот за води Планот за управување со речен слив (ПУРС) се изработува во неколку фази, кои следат структурирана методологија согласно Рамковната директива за води (РДВ). Овие фази ги опфаќаат сите клучни чекори од подготовката до имплементацијата на планот и тоа:

| **Програма за работа** | Индикативна временска рамка |
|---|---|
| **Фаза 1. Подготовка и почетна организација** | |
| Поставување на основната структура за изработка на планот, организација на институциите, дефинирање на целите и временската рамка. Опфаќа:<br>• Воспоставување на работни групи и организациски тела.<br>• Општ опис на подрачјето на речен слив.<br>• Идентификација на клучните заинтересирани страни.<br>• Подготовка на временска рамка и програма за работа. | **Предвиден рок за објава декември 2024** |
| **Фаза 2. Карактеризација на речниот слив-** Длабинска анализа на речниот слив и водните тела, вклучувајќи притисоци, влијанија и користење на водите. Опфаќа: | |
| **2.1. Прелиминарна Делинеација на водните тела-** Процес на идентификација и мапирање на границите на површинските и подземните водни тела. Ова вклучува утврдување на природните хидролошки единици и хидрографски системи. Опфаќа:<br>• Анализа на постоечките хидрографски податоци.<br>• Изработка на мапи на подрачјето на сливот и нивните граници<br>• Типологизација на водни тела.<br>• Мапирање на водните тела со користење на ГИС технологија. | **Делинеација на водните тела**<br>**Времетраење**: јануари 2025- јуни 2025<br>**Предвиден рок за објава** Декември 2025 |
| **2.2. Спроведување на иницијален надзорен мониторинг** да се зголеми веродостојноста на карактеризација, потребно е да се воспостави мониторинг систем. Опфаќа:<br>• Развој на концепт за мониторин и план за мониторинг кој опфаќа локации, параметри и методологии.<br>• Воспоставување на станици за мониторинг (површински и подземни води).<br>• Собирање на податоци преку редовни мерења (хемиски, физички, биолошки).<br>• Анализа на собраните податоци за утврдување на | **Спроведување на надзорен мониторинг**<br>**Времетраење:** Надзорниот мониторинг ќе трае 2 години **(јануари 2025 и декември 2026)**<br>**Предвиден рок за објава:** редовно до декември 2026 |

| | |
|---|---|
| трендови и промени. | |
| **2.3. Карактеризација на водните тела** вклучува анализа на хидролошките и хидрохемиските и биолошките карактеристики на водните тела. Опфаќа:<br>• Дефинирање референтни услови за водни тела<br>• Определување на квалитетот на водата (хемиски параметри, физички параметри, хидроморфолошки и биолошки индикатори).<br>• Проценка на количините на водата (достапност на ресурси).<br>• Иницијално идентификување на природните и антропогени притисоци (загадување, измена на хабитати, итн.)<br>• Одредување статус на водни тела | **Карактеризација на водните тела**<br>**Времетраење**: **јануари 2025- декември 2026**<br>**Предвиден рок за објава** : декември 2026 |
| **2.4. Анализа на притисоци и влијанија-** Процена на факторите кои влијаат на водните тела. Опфаќа:<br>• Идентификување на главните извори на притисок (индустрија, земјоделство, урбано развој).<br>• Евалуација на влијанието на хидроморфолошките интервенции (пр. Изградба на брани, регулација на реки)<br>• Проценка на влијанието на овие притисоци врз квалитетот и количеството на водата.<br>• Проценка на влијанието на климатските промени<br>• Моделирање на ризици, вклучувајки и сценарија со различни услови | **Анализа на притисоци и влијанија**<br>**Времетраење**: јануари 2025- декември 2026<br>**Предвиден рок за објава** : декември 2026 |
| **2.5 Елементи на прогрмата за заштита од несакани ефекти од вода - Прелиминарна проценка на ризици од поплави**:<br>• Идентификација на подрачја со потенцијално значајни ризици од поплави (APSFR) согласно принципите на ЕУ Директивата за поплави | **Прелиминарна Проценка на ризици од поплави**<br>**Предвиден рок за објава** декември 2025 |
| **Фаза 3. Идентификација на значајни прашања во управувањето со водите-** Определување на приоритетите во управувањето со водите во речниот слив. Опфаќа | **Идентификација на значајни прашања во управувањето со водите**<br>**Рок за завршување** : декември 2025 |
| **Подготовка на документација**:<br>• Подготовка на извештај за значајните прашања во управувањето со водите, вклучувајќи идентификувани приоритети и предложени мерки.<br>• Објавување на извештајот за јавноста и заинтересираните страни<br>**Консултации со заинтересирани страни**:<br>• Организирање на работилници, семинари и фокус групи за размена на информации и ставови.<br>• Вклучување на локалните заедници, невладини организации, приватен сектор и владини институции во процесот на консултација.<br>• Собирање на повратни информации од заинтересираните страни за потврдување на идентификуваните приоритети. | **Предвиден рок за објава декември 2025** |
| **Фаза 4. Поставување на еколошки цели** | |
| Дефинирање на специфични цели за одржување или | **јануари до декември 2026** |

| | |
|---|---|
| подобрување на статусот на водните тела. Опфаќа**:**<br>• Поставување на цели за добар еколошки и хемиски статус на водите.<br>• Утврдување на временски рокови за постигнување на целите.<br>• Дефинирање на исклучоци ако некои цели не се остварливи во краток период. | **Предвиден рок за објава** : декември 2026 |
| **Фаза 5. Развој на програма на мерки** | |
| Развивање на сет мерки за управување со водите, со цел да се постигнат поставените еколошки цели. Опфаќа:<br>• Развивање на базични мерки кои се задолжителни според директивите.<br>• Развивање на дополнителни мерки за специфични прашања во сливот.<br>• Изработка на финансиска проценка и временска рамка за имплементација на мерките. | Јануари до декември 2026<br>**Предвиден рок за објава** : декември 2026 |
| **Фаза 6. Подготовка на ПУРС нацрт-документ** | |
| Ажурирање и консолидирање на сите анализи, цели и мерки во нацрт-документ за ПУРС. Опфаќа:<br>• Вклучување на податоците за карактеризацијата, еколошките цели и програмата на мерки.<br>• Подготовка на план за мониторинг на имплементацијата.<br>• Развивање на економска анализа за одржливо користење на водите | **Предвиден рок за објава и консултација**: Јануари 2027 |
| **Фаза 7. Јавни консултации-** | |
| Вклучување на јавноста и заинтересираните страни во процесот на изработка на планот.Опфаќа**:**<br>• Објавување на нацрт-документот за јавна консултација (најмалку 6 месеци).<br>• Организирање на јавни расправи и состаноци со заинтересирани страни.<br>• Постапка за Стратешка оценка за влијание врз животна средина<br>• Внесување на коментари и препораки од јавноста и експертите во финалната верзија на планот. | **Предвиден рок за објава на нацрт-документот за јавна консултација:** Јануари 2027<br>- **Времетраење**: Најмалку **6 месеци**<br>- **Краен рок за коментари**: Јуни 2027<br><br>**Предвиден рок за организирање јавни расправи/ стручна расправа**<br>- 1. февруари 2027<br>- 15. април 2027<br>- 15. јуни 2027<br>**Земање во предвид на коментари и препораки од јавноста и експертите во финалната верзија на планот:** Јуни-Декември 2027 |
| **Фаза 8. Финализирање на ПУРС** | |
| Финализирање и официјално усвојување на планот. Опфаќа:<br>• Вклучување на коментарите од јавните консултации во финалната верзија.<br>• Финализирање на правните документи и доставување за усвојување.<br>• Одобрување од релевантните национални тела. | **Предвиден рок за објава и консултација на планот и усвојување:** 22. Декември 2027 |
| **Фаза 9. Имплементација на планот и следење на имплементацијата** | |
| Следење на имплементацијата на мерките и | **2028** |

| | |
|---|---|
| постигнување на еколошките цели. Опфаќа:<br>• Оперативен мониторинг на квалитетот и количината на водите.<br>• Ревидирање на ПУРС (на секои 6 години).<br>Прилагодување на мерките Овие фази го осигуруваат континуитетот во планирањето и управувањето со речниот слив, вклучувајќи активна улога на јавноста и заинтересираните страни во секој чекор. | |

**Можности за пристап до информации, консултации и активно учество**

Постојат голем број различни начини, и на национално и на локално ниво, каде што заинтересираните страни или поединци имаат право на простап до информации, и можат активно да учествуваат во консултации за подготовка на ПУРС во следните 3 години (2025-2027).

***Закон за води член 5***
„ јавноста треба да има пристап до сите информации кои се однесуваат на состојбата со водите и управувањето со водите, а особено до информациите кои се потребни за нејзино учество во постапката за донесување на одлуките кои се однесуваат на управувањето со водите“

За регулирање на прашањата во врска со пристап до информации кои се однесуваат на животната средина, учество на јавноста во донесувањето на одлуките кои се однесуваат на управувањето со водите **Законот за води** содржи одредби и упатува на примена на **Законот за животна средина**

## Можности за пристап до информации

**Законот за води** предвидува **обврска за објавување информации и документи поврзани со изработката и имплементацијата на плановите за управување со речните сливови**. Член 66 став (12) нагласува дека информациите мора да бидат достапни за јавноста, што овозможува транспарентност и ангажираност на граѓаните во процесот на управување со водите.

Во Уредбата за работа на Советот за управување со подрачје на речен слив, се предвидува дека **седниците на Советот се јавни**, освен ако не биде донесена одлука тие да бидат затворени за јавноста (член 9, став 6). Ова **овозможува широката јавност да има пристап до состаноците и да се информира за тековните прашања и активности на Советот**, освен кога одлуката е да се затвори седницата поради специфични причини.
Оваа одредба овозможува Советот да ја **вклучи пошироката јавност во својата работа**, покрај редовното учество на заинтересираните страни. Дополнително, со **објавувањето на дневниот ред и материјалите за состаноците на веб-страницата на надлежниот орган**, (**www.moepp.gov.mk**) јавноста може да биде информирана за темите што ќе се разгледуваат, што го олеснува нивното учество или информираност за процесите.
Правата, обврските, условите, роковите и постапката за **пристап до информации** исто така регулираат со Законот за животната ***(член 51-55) и*** Одлуката за објавување на листа на субјекти кои поседуваат или за кои се поседуваат информациии за животната средина (св. бр. 82/2007)

## Можности за консултации

Член 67 ја нагласува важноста на консултации со јавност во тек на процесот на изработката на плановите, **особено, објавувањето и достапноста за коментари од јавноста, вклучително и корисниците, на следните документи:**

(а) распоред и работна програма за изработка на планот, вклучувајќи изјава за мерките за консултација што треба да се преземат, најмалку три години пред почетокот на периодот

на кој се однесува планот;

(б) привремен преглед на значајните прашања во управувањето со водите идентификувани во подрачјето на речн слив, најмалку две години пред почетокот на периодот на кој се однесува планот;

(в) нацрт-верзија на планот за управување со подрачјето на речен слив, најмалку една година пред почетокот на периодот на кој се однесува планот.

**На барање, треба да се обезбеди пристап до позадински документи и информации што се користени за развој на нацрт-планот за управување со сливот на реката.**

По подготовка на документите од точка (а), (б) и (в) погоре, истите ќе биде бидат достапни за јавна консултација/расправа, Периодот на консулатции е шест месеци за прием на коментари на документите во пишана форма за да се се дозволи активно учество и консултација.

Во овој период, **јавноста има можност да ги изрази своите ставови и мислења**, што е клучно за инклузивност во процесот на одлучување.
Исто така, органот надлежен за животната средина е должен да **организира стручна расправи по нацртот**, со што се дополнува процесот на консултации со стручни мислења.

**Организирање на стручна расправа** : За време на јавната расправа/увид на нацрт- планот , органот надлежен за животната средина организира стручна расправа за да се поттикне активното учество на јавноста.

## Можности за активно учество

Законот за води предвидува активна улога на јавноста во подготовката на плановите. Член 66 став (10) нагласува дека активностите и резултатите од учеството на јавноста при подготовката на планот треба да бидат опишани во финалната верзија на планот. Ова вклучува земање во предвид и интеграција на прифатените коментари и предлозите од јавноста во конечниот документ, што потврдува ангажираноста на граѓаните и нивниот придонес во управувањето со ресурсите на водите.

## Активно учество на заинтересираните страни

Основен механизам за учество на јавноста и заинтересираните страни предвиден во Законот за водите е **Советот за управување со речен слив** е основно тело предвидено во Законот за водите кое има консултативна и координативна улога во управувањето со речните сливови во Република Северна Македонија. Ова тело е одговорно за координација и препораки во врска со развојот, планирањето и заштитата на водните ресурси на ниво на речни сливови. **Главни функции и улоги на Советот за управување со речен слив:**

1. **Консултативна улога**: Советот дава мислења и препораки до надлежниот орган за политиките, стратегиите и плановите за управување со водите во речниот слив. Ова вклучува препораки за Плана за управување со речен слив, како и активности за заштита на водите и намалување на ризиците од поплави.
2. **Координација на институции**: Советот ги координира активностите меѓу надлежните институции и релевантните страни за да обезбеди интегрирано управување со водите. Тука се вклучени министерства, јавни претпријатија, локална амоуправа, како и претставници на буизнис сектор, јавни претпријатија водостопански и невладини организации.
3. **Промоција на јавна консултација и учество**: Советот е одговорен за обезбедување јавна транспарентност и учество на засегнатите страни и локалното население во процесите на планирање и одлучување поврзани со управувањето со речните сливови.
4. **Следење на имплементацијата на мерките**: Советот ги следи и оценува

имплементациите на мерките за заштита и управување со водите. Ова е дел од напорите за заштита на водните ресурси и остварување на целите утврдени во Плана за управување со речниот слив.

5. **Советодавна поддршка**: Советот нуди советодавна поддршка на надлежните органи во поглед на приоритетите, програмите и мерките што треба да се преземат за ефикасно управување со речниот слив.

## Активно учество на пошироката јавност

Во Уредбата за состав, начин на улество, како и начинот на номинирање на претставниците во советите за управување со подрачјата на речни сливови и советот за управување со делови од подрачјата на речен слив**,** како и начинот на работа (Сл. Весник бр 106/13. Советот за управување со подрачје на речен слив, се предвидува дека **седниците на Советот се јавни**, освен ако не биде донесена одлука тие да бидат затворени за јавноста (член 9, став 6). Ова овозможува широката јавност да има **пристап до состаноците и да се информира за тековните прашања и активности на Советот**, освен кога одлуката е да се затвори седницата поради специфични причини. Оваа одредба овозможува **Советот да ја вклучи пошироката јавност во својата работа**, покрај редовното учество на заинтересираните страни. Дополнително, со **објавувањето на дневниот ред и материјалите за состаноците на веб-страницата на надлежниот орган,** јавноста може да биде информирана за темите што ќе се разгледуваат, што го олеснува нивното учество или информираност за процесите. Сите заинтересирани страни ќе имаат активно учество во изработката и следење на имплементација на планот преку Советот за управување со речен слив за сливот на реката Вардар.

Советот за управување со сливот на реката Вардар ќе се состанува најмалку еднаш месечно во текот на подготовката на планот за управување со подрачјето на речниот слив на Реката Вардар и најмалку четири пати годишно по неговото донесување. Секој редовен состанок на Советет се одржува секој последен четврток во месецот, со можност да се презакаже за друг датум, доколку состанокот не може да се оддржи на првично договорениот термин.

Советот може да одржи вонреден состанок на членовите, ако се јави потреба од разработка и решавање на определено прашање.
Точните датуми на состаноците, временската рамка и темите на состанокот се објавуваат.
Распоредот на состаноците и агендата за состанокот на Советет за подрачјето на речен слив на реката Вардар е објавен на Сектор за води | Министерство за животна средина и просторно планирање: https://www.moepp.gov.mk/ministerstvo/organi-sostav/sektor-vodi

## Контакт и постапка за добивање на потребната документација и информации

Дополнително, заинтересираните страни можат да се вклучат преку МЖСПП со присуство на некој од јавните состаноци на Советот за Планот за управување со речниот слив на реката Вардар, или со контактирање на следната е-адреса: infoeko@moepp.gov.mk и k.zekiri@moepp.gov.mk
На писмено барање на правните и физичките лица, ќе им биде овозможен пристап до целата придружна документација и информации користени при изработката на Планот .

Писмените поднесоци може да се испратат на:

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

**Сектор за води**

**плоштад Пресвета Богородица, бр.3, Скопје**

**Сектор за води | Министерство за животна средина и просторно планирање**

Подолу е даден преглед и краток опис на одговорностите на организациите.

| Организации | Надлежности |
|---|---|
| **Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)** | Најодговорна институција во управувањето со водите, задолжена за планирање, заштита и спроведување на мерки и активности за управување со водите. Главните одговорности се пренесени на Секторот за води (сектор во рамки на Управат за животна средина во министерството). Во рамки на Секторот формирани се одделенија по речен слив кои се директно одговорни за аспектите на ПУРС. Улогите на Министертовот Секторот е да спроведе анализа на притисок и влијание, економска анализа, проценка на статусот на површинските води, проценка на статусот на подземните води, подготовка на ПУРС, Подготовка на Програмата за мерки, имплементација на мерки, учество на јавноста, координација на имплементација, известување до Европската комисија и друго |
| **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ)** | Преку Управата за водостопанство, министерството одговорно за планирањето, заштита и имплементација на мерките и активностите за користењето на водата во земјоделството (наводнување, одводнување на земјиштето, рибарство), како и големи инфраструктурни објекти поврзани со користењето на водата (брани, акумулации, системи за наводнување итн.). |
| **Министертсво за транспорт и врски (МТВ)** | Спроведување (финансирање) на програми и проекти за развој на инфраструктурата поврзани со снабдување со вода за пиење и собирање отпадни води. |
| **Министертсво за здравство(МЗ)** | Контрола на состојбата на водите за пиење и капење и тоа во смисла на потенцијални епидемии кои можат да се шират низ водата. Обврските се вршат преку Државниот санитарен и здравствен инспекторат и Агенцијата за храна и ветеринарство. |
| **Министертсво за Енергетика, рударство и минерални суровини (МЕРМС)** | НАдлежно за прашањата за енергетика, енергетска политика и развојно планирање во областа на електричната енергија, природниот гас, нафтата и нафтените деривати, топлинската енергија и термалните води, како и другите видови енергија и нивна експлоатација; производството на енергија - електрична и топлинска енергија во земјата се регулира, вклучително и користењето на водата од хидроцентралите и термоцентралите.<br>експлоатација на минерални суровини и геолошки ресурси; геолошки истражувања и истражувања поврзани со експлоатација на минерални суровини; развој на програма за истражување во областа на основните геолошки истражувања поврзани со одржливото користење на ресурсите;. |
| **Хидробиолошкиот институт - Охрид** | одговорен за следење на физичко-хемискиот состав на водата во природните и вештачките езера. |
| **Управа за хидрометеролошки работи (УХМР)** | Орган во состав на МЗШВ, надлежен за следење на квантитетот и квалитетот на површинските и подземните води. |
| **Институт за јавно здраство (ИЈЗ)** | Има обврски поврзани со комунална хигиена во јавните објекти, контрола на квалитет и хигиенско-бактериолошки мониторинг на водите за пиење и капење. |
| **Единици на локална самоуправа (Градот Скопје, општините во** | Планирање и спроведување на мерки за користење/снабдување на вода, испуштање и третман на урбани отпадни води, заштита на водите, заштита од поплави и слично на териториите под нивна надлежност. |

| | |
|---|---|
| **Градот Скопје и општини)** | Одговорностите се извршуваат во соработка со наведените владини организации. |
| **Снабдувачи со вода за пиење и одведување на отпадна вода (јавни комунални претпријатија - ЈКП)** | Директно работење, одржување и надградба на инфраструктурни системи за: (1) снабдување со вода за пиење на домаќинствата, деловните субјекти и други субјекти; и (2) собирање, испуштање и третман на отпадните води. Овие организации се организирани и функционираат како дел од единиците на локалната самоуправа. |
| **Водостопанство (АД Водостопанство)** | Директно работење и одржување на поголеми инфраструктурни системи кои обезбедуваат: (1) снабдување со вода за наводнување; (2) техничко снабдување со вода за индустрии и/или како сурова вода за водоснабдителни претпријатија; и (3) одводнување на земјиштето. |
| **Национален Совет за води (НСВ)** | Дава независно мислење и предлози за подобрување на развојот, ратификацијата и имплементацијата на законите и подзаконските акти за управување со водите; усвојување на национална стратегија за води, планови за управување со речен слив. |
| **Совет за управување со речен слив** | Следење и координирање на развојот и спроведувањето на плановите за управување со речен слив. Советите вклучуваат претставници на наведени организации. |
| **Државни и општински инспекторати** | Органи во состав министерствата: за животна средина (државно и општинско ниво), водостопанство, комунална, техничка, санитарна и здравствена инспекција и земјоделство. |

## Резиме на индикативен временски распоред и програма за работа за изработка на Планот

| WFD елементи | цел | **Предлог период** |
|---|---|---|
| Објавување на нацрт-временски распоред и програма за работа за Плановите за управување со речен слив за 2028-2033 година (ПУРС) вклучувајќи изјава за консултативните мерки што треба да се преземат (оваа консултација). | Го поставува нацрт распоредот и работната програма за изработка на ПУРС. Ги истакнува клучните камења во циклусот на ПУРС каде што е потребна консултација и мерките што ќе ги преземеме за да обезбедиме вклученост во процесот на консултации. | **Декември 2024** |
| Консултациски период после објавата на нацрт-распоредот и програмата за работа за Плановите за управување со речен слив за 2028-2033 , за да се добијат коментари | Можност за коментирање за распоредот и програмата за работа за Планот за управување со речен слив за 2028-2033. Консултациите ќе бидат поддржани и во писмена форма и онлајн. | **Декември 2024- Мај 2025** |
| Објавување на распоред и програма за работа на Плановите за управување со речен слив (УРС) за 2028-2033. | Идентификува распоред и програма за работа на Плановите за управување со речен слив (УРС) за 2028-2033. | **Јуни 2025** |
| Објава на привремен преглед на значајните прашања за управувањето со водите (SWMI) во РСМ | Идентификува значајни прашања за управувањето со водите што треба да се решат во нацрт ПУРС и за да се олесни консултацијата со јавноста | **Декември 2025** |
| Период на консултации по објавувањето на SWMI за прием на коментари | Можност за коментирање за значајните прашања за управување со водите. Консултациите ќе бидат олеснети и преку писмени консултации и преку интернет | **Декеври 2025 до Мај 2026** |
| Објава на ревидираниот преглед и извештај за карактеризација на значајни прашања за управување со водите според (член 5 од Рамковната директива за води | Обезбедува технички детали за карактеризацијата на областа на речен слив, преглед на влијанието врз животната средина на човековата активност и економска анализа на претходно идентификуваната употреба на вода | **Јуни 2026** |
| Објава на нацрт-планот за управување со речен слив за 2028-2033 година и дадете објаснување за сите продолжени рокови и предложените помалку строги еколошки цели | Ги поставува целите за водената средина и ја презентира Програмските мерки за исполнување на тие цели | **Јануари 2027** |
| Период на консултации по објавувањето на Нацрт ПУРС за прием на коментари | Можност за коментар за нацрт-плановите вклучувајќи ги поставените цели и предложените мерки. Консултациите ќе бидат олеснети и преку писмени консултации и преку интернет | **Јануари- Јуни 2027** |
| Објава на финалната верзија на ПУРС за реката Вардар за 2028-2033 | Ги поставува целите за водената средина и Програмата на мерки за исполнување на тие цели | **До декември 2027** |